
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 08/25



21.10.2025 година

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА, ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ОФТАЛМОЛОГИЈА

## НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА, ПРИ ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот објавен од страна на Факултетот за дентална медицина при Европски универзитет Скопје, објавен во весникот „Вечер“ од 05.05.2025 година, за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научната област: ,,Офталмологија” (3.02.00.26 - Фраскатиева класификација), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-209/1 донесена на 04.06.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав на: вонреден проф. д-р Весна Марковска Челева- претседател, вонреден проф. д-р Билјана Ивановска Аџиевска – член, вонреден проф. д-р Снежана Ивиќ-Колевска – член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

### ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научната област: ,,Офталмологија” (3.02.00.26 - Фраскатиева класификација), во предвидениот рок се пријави кандидатот - д-р Галина Димитрова.

- **Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Галина Димитрова е родена на 05.10.1971, во Скопје. Средно образование завршила во јуни 1990 на Средното Медицинско Училиште „Д-р Панче Караѓозов“. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот Факултет, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје, во март 1996 година, со просечен успех 8,68.

Кандидатот активно се служи со англиски, јапонски, француски, српско-хрватски и бугарски јазик.

Се запишува на докторски студии во 1998 година на Медицинскиот факултет, Токиски Универзитет, Токио, Јапонија. Дисертацијата на тема: *Ретробулбарна циркулација кај пациенти со дијабет и кај пациенти со дегенерација на макула поврзана со возраст* ја одбранила на Медицинскиот факултет, Токиски Универзитет во 2002 година, пред Комисија во состав: д-р Тецуро Ошика, д-р Џоџи Андо и д-р Такеши Сасаки. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област хируршки науки.

На Европскиот Универзитет Република Македонија во 2011 година е избрана во звањето насловен доцент на Стоматолошкиот Факултет во областа офталмологија.

Во 2015 година е избрана во звањето насловен вонреден професор од областа офталмологија, на Стоматолошкиот Факултет при Европски универзитет Скопје.

Во 2020 година е направен реизбор во звањето насловен вонреден професор од областа офталмологија, на Факултетот за дентална медицина, при Европски универзитет Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

- **Работно искуство**

Од јуни 2002 до мај 2008 работи на Клиниката за очни болести каде специјализира офталмологија во ноември 2006 година. Работи како специјалист офталмолог во очната амбуланта Центар за очни болести „Око" од август 2008 до февруари 2011, поликлиника „Неуромедика" од март 2011 до декември 2012 и во поликлиника „Медика плус" од февруари 2013 до септември 2013 година. Од септември 2013 година до сега работи како специјалист офталмолог на очното одделение во Градска општа болница „8ми Септември".

- **Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Стоматолошки факултет, Европски универзитет РМ, кандидатот д-р Галина Димитрова изведува настава на прв циклус студии на студиската програма 2010-2011.

**Научно истражувачка дејност**

Д-р Галина Димитрова докторирала на Медицинскиот факултет (Токиски универзитет). Докторатот е признаен од страна на Министерството за образование и наука (Одлука од 08.06.2007 бр.09-4326/1). Кандидатката има објавено вкупно 40 научни трудови од офталмолошка област, од кои 19 научни трудови во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 труд во меѓународни научни списанија и 4 трудови во меѓународни научни публикации.

Д-р Галина Димитрова била раководител на еден национален, а учествувала како член во 5 меѓународни научни проекти.

Од последниот избор кандидатката објавила 13 труда во стручни списанија од кои 2 труда во меѓународни списанија со импакт фактор:

**Стручни списанија:**

Dimitrova G, Ristikj Stomnaroska D, Gilevska F, Ljubic A, Veljanovski D, Plaseska-Karanfilska D. Keratoconus in hereditary spastic paraplegia 15 and Kjellin syndrome: a case report. Ophthalmic Genet. 2025 May 21:1-5. doi: 10.1080/13816810.2025.2507084. Epub ahead of print. PMID: 40400141.

Dimitrova, G., Gjorgjiovska, A., Ljubic, A., Kemera, D., Lazarova, O., Shekerinov, D., Jordanovska Milanovska, S., & Petkovska, I. (2025). Effect of Unilateral Application of Timolol 0.5% on Systemic Cardiovascular Parameters and Intraocular Pressure and Perfusion. Journal of Health and Rehabilitation Sciences, 4(1), 1–7. https://doi.org/10.33700/jhrs.4.1.127

Tojtovska B, Ribarski P , Ljubic A, Dimitrova G. Bayesian vs. frequentist inference – an ophthalmic study on ocular perfusion pressure. Mathematical Modeling Vol. 8 (2024), Issue 3, pg(s) 118-121. https://stumejournals.com/journals/mm/2024/3/118

Ljubic A, Dimitrova G, Zechevikj S, Trajkovski V. Intermittent Exotropia and Overminus Lens Therapy in Macedonia. Open Access Maced J Med Sci [Internet]. 2024 Sep. 10 [cited 2024 Sep. 24];12:Ahead of print. Available from: https://oamjms.eu/index.php/mjms/article/view/11950

Ljubic A, Dimitrova G, Trajkovski V, Stankovic B, Gjorgjievska A. Risk Factors in Adult Myopia in Macedonia. Open Access Maced J Med Sci [Internet]. 2024 Jun. 15 [cited 2024 Sep. 24];12(2):309-13. Available from: https://oamjms.eu/index.php/mjms/article/view/11905

Ljubic A, Stankovic B, Dimitrova G. Strabismus and cerebral palsy. Macedonian Journal of Ophthalmology; 2023 (10):30-35.

Ljubic A, Trajkovski V, Dimitrova G, Stankovic B. Down syndrome – refraction errors. Vox Medici 2022; 115:691-693.

Dimitrova G, Petkovska I, Kemera D, Nedeska Minova N, Taner H, Ljubic A, et al. Pressure-related and anatomic parameters in patients with and without diabetic retinopathy. Minerva Ophthalmol 2022;64:25-31. DOI: 10.23736/S2785-1265.22.01854-7

Ljubic A, Trajkovski V, Stankovic B, Tojtovska B ,Langmann A, Dimitrova G, Jovanovic I and Tesic M. Systemic and Ophthalmic Manifestations in Different Types of Refractive Errors in Patients with Down Syndrome. Medicina 2022, 58(8), 995; https://doi.org/10.3390/medicina58080995

Lazarova O, Dimitrova G. Complications associated with the presence of optic disc drusen:case-report. Macedonian Journal of Ophthalmology, 2022 (9):42-47.

Dimitrova G, Ljubic A, Tojtovska B, Tagasovska K and Tomasevic U. Pressure Related Ocular Parameters in Caucasian Patients with Primary Open-Angle Glaucoma. J Ocul Dis Ther. 2021 Sep.10-14. DOI: https://doi.org/10.12974/2309-6136.2021.09.2

Ljubic A, Naumovski F, Dimitrova G. Congenital glaucoma ( PCG ) .Vox medici (2021) 111: 647-649.

Dimitrova G, Lutty GA. The Role of Retinal Venous Congestion in Diabetic Retinopathy. SN Comprehensive Clinical Medicine 2021 Febhttps://doi.org/10.1007/s42399-021-00809-3

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Токиска универзитетска болница, Токио, Јапонија (1996 ~ 2002); специјалната болница „Микрохирургија глаза, Клиника Фјодоров", Москва, Русија (мај 2002); Симпозиум за глауком за специјализанти, Женева, Швајцарија (декември 2006); очната болница Moorfields, Лондон, Обединето Кралство, (март 2006); очна болница „Академик Пашев", Софија, Бугарија, (јуни 2008); симпозиум „Дијабетес и око" Клиника Ребро, Загреб, Хрватска (април 2015); Институт за глауком, Centre Hospitalier St.Joseph, Париз, (мај 2015); на очното одделение при Универзитетската болница на Кјото Универзитетот (јуни 2016) и во Сеншокаи офталмолошки институт, Уџи, Кјото, Јапонија (мај- јули 2016) .

Кандидатката е уредник на монографија - "Recent advances in ophthalmology research", Nova Science Publishers, New York, 2013, каде учествува со труд - "Recent Advances in Ocular Blood Flow Research".

Кандидатката д-р Галина Димитрова остварила експертски активности при рецензија на над педесет труда кои биле пријавени за објавување во медицински списанија со меѓународни уредувачки одбори и импакт фактор.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Галина Димитрова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Галина Димитрова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и актите на

Европски универзитет Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето насловен вонреден професор од наставно-научната област: „Офталмологија" (3.02.00.26 - Фраскатиева класификација).

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Европскиот Универзитет - Република Македонија во Скопје, д-р Галина Димитрова да биде избрана во звањето **насловен вонреден професор** од областа: „Офталмологија" (3.02.00.26 - Фраскатиева класификација).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

вонреден проф. д-р Весна Марковска Челева

вонреден проф. д-р Билјана Ивановска Ациевска

вонреден проф. д-р Снежана Ивиќ-Колевска